# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на НРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата

Сабота, 25 април 1959
Скопје
Број 14 Год. XV

Претплатата за 1959 год. изнесува 1.500 дин. Овој број чини 20 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

67.

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕРИНИЗАЦИЈА

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија се прогласува Законот за меринизација, што го усвои Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 27 март 1959 година и на седницата на Соборот на производителите одржана на 27 март 1959 година.

У бр. 3
27 март 1959 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски**, с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Љупчо Арсов**, с.р.

## ЗАКОН ЗА МЕРИНИЗАЦИЈА

Член 1

Со цел да се унапреди овчарството, се врши меринизација на домашните соеви овци.

Меринизацијата, според одредбите на овој закон, се врши на овци од претходниот став, без оглед на тоа чија сопственост се тие.

Член 2

Меринизација, во смисла на овој закон, е:

а) вкрстување на приплодни овци од домашни соеви и нивните приплоди со мерино-овни; и

б) одгледување на добиените приплоди.

Член 3

Под приплодни овци, во смисла на овој закон се подразбираат здрави, добро развиени ѕвиски и овци, способни да го доносат и одгледаат својот плод и несомнителни на зараза.

Во случај на приговор за приплодноста на овца односно ѕвиска решава органот на управата надлежен за работите на ветеринарството на народниот сдбор на општината.

Член 4

Народниот одбор на општината на седница со рамноправно учество на обата собора, по претходно извршена расна микрореонизација и обезбедување на стручни кадри, мерино-овни и опрема, ги утврдува подрачјата во кои задолжително ќе се врши меринизација на приплодните овци.

Минимумот опрема нужна за меринизација го одредува републичкиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството.

Член 5

Трошоците за извршување на меринизацијата ги сносат сопствениците на овците.

Народните одбори на општините на седница со рамноправно учество на обата собора, ја одредуваат висината на надоместокот на трошоците од претходниот став.

Член 6

Меринизација, по правило, се врши со вештачко осеменување.

По исклучок меринизација може да се врши и со природно вкрстување во случаите што ќе ги одреди органот на управата надлежен за работите на сточарството на народниот одбор на општината, во согласност со прописите на републичкиот орган на управата надлежен за работите на сточарството.

Член 7

Во подрачјата во кои задолжително се врши меринизација во смисла на член 4 од овој закон, сите машки шилежиња и овни сопствениците ги одделуваат од стадата најдоцна на еден месец пред отпочнувањето на меринизацијата и се пасат во одделни стада до завршувањето на меринизацијата.

Ако сопственикот на овците не постапи во смисла на претходниот став, органот на управата надлежен за работите на сточарството на народниот сдбор на општината ќе го изврши тоа за сметка на сопственикот.

Против решението од претходниот став сопственикот може да изјави жалба до органот на управата надлежен за работите на сточарството на народниот одбор на околијата.

Доколку органот на управата надлежен за работите на сточарството на народниот одбор на општината постапи по став 2 од овој член, е должен шилежињата и овните означени во став 1 од овој член краткорочно да ги осигури за сметка на сопственикот.

Член 8

За порационално користење на кадрите, овните и опремата, се образуваат пунктови, потпунктови и спермобази.

Поблиски прописи за условите за образување и работата на пунктовите, потпунктовите и спермобазите ќе донесе републичкиот орган на управата, надлежен за работите на ветеринарството.

Член 9

Вештачкото осеменување на овци вршат ветеринарни стручњаци и други лица оспособени за таа цел.

Републичкиот орган на управата, надлежен за работите на ветеринарството организира оспособу-

вање на осеменители за вештачко осеменување на овци.

Член 10

Соевите мерино-овни, што ќе се употребуваат за меринизација во одделни подрачја ги утврдува републичкиот орган на управата надлежен за работите на сточарството по претходно прибавено мислење од органот на управата на народниот одбор на општината надлежен за работите на сточарството.

За меринизација можат да се користат овните несомнителни на зараза и претходно одобрени од стручна комисија одредена од републичкиот орган на управата, надлежен за работите на сточарството.

Член 11

Ветеринарните станици ја прибираат, средуваат и чуваат опремата за вештачко осеменување.

По одобрување на органот на управата надлежен за работите на ветеринарството на народниот одбор на општината, опремата може да ја чува и одделна организација.

Органот од став 2 на овој член врши стручна контрола над работата на осеменителите и чувањето на опремата.

Член 12

Органот на управата надлежен за работите на сточарството на народниот одбор на општината, води евиденција за кадарот, опремата, овните и бројот на меринизираните овци и добиените јагниња.

Член 13

Со цел да се обезбеди одгледувањето на продуктивни односно елитни приплоди, добиени со меринизација, се врши селекција и се води матично книговодство.

Матично книговодство за меринизираните овци и добиените приплоди водат земјоделските организации што ќе ги одреди републичкиот орган на управата надлежен за работите на сточарството.

Органот од претходниот став го одредува и начинот на водењето на матичното книговодство и вршењето на селекцијата на добиените приплоди од меринизација.

Член 14

Се забранува колење на женски јагниња од типот на мерино.

По исклучок од претходниот став женските јагниња од типот мерино можат да се колат под условите што ќе ги пропише републичкиот орган на управата надлежен за работите на сточарството.

Член 15

Надзорот над спроведувањето на мерките пропишани со овој закон го вршат органите на управата, надлежни за работите на сточарството и ветеринарството на народните одбори на општините и околиите, како и републичкиот орган на управата надлежен за работите на сточарството и ветеринарството.

Член 16

Со парична казна до 300.000 динари ќе се казни за прекршок стопанската организација која:

1. не врши меринизација на своите приплодни овци од домашните соеви кога е задолжена тоа да го прави;

2. за меринизација употребува или овозможува употреба на овни кои не се одредени од републичкиот орган на управата надлежен за работите на сточарството;

3. не ги оддели од стадата машките шилежиња и овните;

4. коле женски јагниња од типот на мерино спротивно на член 14 од овој закон.

За дејание од претходниот став ќе се казни и одговорното лице во стопанската организација со парична казна од 10.000—20.000 динари.

Член 17

За прекршок од став 1 од претходниот член физичко лице ќе се казни со парична казна од 10.000—20.000 динари.

Член 18

Административно-казнената постапка по прекршоците од овој закон, се води според Основниот закон за прекршоците.

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден по неговото објавување во „Службен весник на НРМ".

---

**68.**

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЕШТАЧКО ОСЕМЕНУВАЊЕ НА КРАВИ

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија се прогласува Законот за вештачко осеменување на крави, што го усвои Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 27 март 1959 година и на седницата на Соборот на производителите одржана на 27 март 1959 година.

У бр. 4
27 март 1959 година
Скопје

| Претседател на Народното собрание, | Претседател на Извршниот совет, |
| --- | --- |
| **Лазар Колишевски,** с. р. | **Љупчо Арсов,** с.р. |

## ЗАКОН
## ЗА ВЕШТАЧКО ОСЕМЕНУВАЊЕ НА КРАВИ

Член 1

Со цел да се унапреди говедарството и заштити здравјето на говедата се врши вештачко осеменување на кравите и приплодните јуници (во натамошниот текст: кравите).

Член 2

Народниот одбор на општината на седница со рамноправно учество на обата собора откога ќе обезбеди стручни кадри и опрема ги утврдува подрачјата во кои задолжително се врши вештачко осеменување на крави.

Минимумот техничка опрема за вештачко осеменување на крави го одредува републичкиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството.

Член 3

Вештачко осеменување на крави, вршат ветеринарните станици, установите, земјоделските стопанства и задругите.

Одобрение за вршење вештачко осеменување на крави издава органот на управата надлежен за работите на ветеринарството на народниот одбор на општината.

Член 4

За добивање сперма се користат само бикови кои се несомнителни на зараза и претходно одобрени од стручна комисија, одредена од републичкиот орган на управата надлежен за работите на сточарството и ветеринарството.

Член 5

Во случај на појава или ширење на трихомонијазата вибрио-фетусот и другите коитални инфекции кај говедата, во заразеното и загрозеното подрачје оплодувањето на кравите може да се врши само со вештачко осеменување за кое донесува наредба советот надлежен за работите на ветеринарството на народниот одбор на општината.

Член 6

Во подрачјата од член 2 на овој закон се забранува припуст на бикови и јунчиња и се врши задолжителна кастрација на сите бикови и машки јунчиња постари од шест месеци. Сопствениците се должни да ги пријават за кастрирање биковите и јунчињата постари од шест месеци.

Кастрацијата ја организира органот на управата надлежен за работите на ветеринарството на народниот одбор на општината и ја вршат ветеринарните стручњаци.

Член 7

Вештачко осеменување на кравите вршат ветеринарните лекари и ветеринарните техничари, оспособени за таа цел.

Републичкиот орган на управата, надлежен за работите на ветеринарството организира оспособување на осеменители за вештачко осеменување на крави.

Член 8

Трошоците за вештачкото осеменување на крави ги сносат сопствениците на кравите.

Народниот одбор на општината на седница со рамноправно учество на обата собора ја утврдува висината на надоместокот на трошоците од претходниот став.

Член 9

Со цел да се обезбеди одгледување на продуктивни односно елитни приплоди, добиени со вештачко осеменување на крави се врши селекција и се води матично книговодство.

Матично книговодство за добиените приплоди водат организациите што ќе ги одреди републичкиот орган на управата надлежен за работите на сточарството.

Органот од претходниот став го одредува и начинот на водењето на матичното книговодство и вршењето на селекција на добиените приплоди од вештачкото осеменување на крави.

Член 10

Евиденција за подмладокот добиен со вештачко осеменување на крави водат ветеринарните станици, земјоделските стопанства и задругите, од член 3 на овој закон, како и центрите за вештачко осеменување според упатствата на републичкиот орган на управата надлежен за работите на сточарството и ветеринарството.

Член 11

Надзор над спроведувањето на мерките пропишани со овој закон вршат органите на управата надлежни за работите на сточарството и ветеринарството на народните одбори на општините.

Член 12

На подрачјето што го снабдува со семе од бикови, центарот за вештачко осеменување врши стручна контрола над употребата и манипулацијата на тоа семе

Член 13

Со парична казна до 300.000 динари ќе се казни за прекршок стопанска организација односно установа која има својство на правно лице која:

1 не врши вештачко осеменување на крави иако е задолжена тоа да го прави;

2. ги припушта кравите под бик односно јунче и не врши кастрација на биковите и машките јунчиња постари од шест месеци.

Со парична казна до 50.000 динари ќе се казни за прекршок ветеринарна установа која има својство на правно лице ако не врши вештачко осеменување на кравите односно кастрација на биковите и машките јунчиња постари од шест месеци, кога е должна тоа да го прави.

За дејанието од претходниот став ќе се казни и одговорното лице во стопанската организација односно установа со парична казна до 20.000 динари.

Член 14

За прекршок од став 1 од претходниот член, физичко лице ќе се казни со парична казна до 20.000 динари.

Член 15

Административно-казнената постапка, по прекршоците од овој закон се води според Основниот закон за прекршоците.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден по неговото објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

---

69.

## УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ ИМОТНИТЕ ОДНОСИ НАСТАНАТИ СО САМОВЛАСНИ ЗАЗЕМАЊА НА ЗЕМЈИШТА ОД ОПШТОНАРОДНИОТ ИМОТ

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија се прогласува Законот за уредување имотните односи настанати со самовласни заземања

на земјишта од општонародниот имот, што го усвои Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 27 март 1959 година и на седницата на Соборот на производителите одржана на 27 март 1959 година.

У бр. 5
27 март 1959 година
Скопје

| | |
|---|---|
| Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски**, с. р. | Претседател на Извршниот совет, **Љупчо Арсов**, с.р. |

## ЗАКОН
## ЗА УРЕДУВАЊЕ ИМОТНИТЕ ОДНОСИ НАСТАНАТИ СО САМОВЛАСНИ ЗАЗЕМАЊА НА ЗЕМЈИШТА ОД ОПШТОНАРОДНИОТ ИМОТ

Член 1

Според одредбите на овој закон ќе се расправаат имотните односи што настанале со самовласни заземања (узурпации) на земјишта од општонародниот имот до влегувањето во сила на овој закон.

Постапката за расправање на самовласните заземања на земјишта по одредбите на овој закон мора да се заврши најдоцна до крајот на 1963 година.

Член 2

Право на сопственост на узурпираното земјиште ќе се признае ако узурпацијата е извршена до 6 април 1941 година, доколку со одредбите на овој закон не е поинаку одредено и ако се утврди дека узурпантот постојано и несмеќавано ја поседувал земјата и сам ја обработувал, односно користел за свои потреби.

Узурпациите извршени по 6 април 1941 година не се признаваат.

Член 3

Право на сопственост на самовласно заземена обработлива земја ќе се признае на држател земјоделец најмногу до четири хектари.

На држателот неземјоделец ќе му се признае право на сопственост на самовласно заземена обработлива земја најмногу до половина хектар, под услов домаќинството на држателот само да ја обработува.

Површините на кои ќе се признае право во смисла на став 1 и 2 од овој член, заедно со сопственото земјиште на држателот и земјиштето на членовите на неговото домаќинство, не можат да го преминат земјишниот максимум определен со постојните прописи.

На држателот неземјоделец не може да му се признае право на сопственост на сета површина на самовласно заземена неплодна земја, на која изградил куќа и уредил двор, ако заземената површина го преминува максимумот предвиден во став 2 на овој член.

На држателот треба да му се овозможи да се изјасни кој дел од заземеното земјиште сака да го задржи.

Член 4

Не се признава право на сопственост на заземени шуми и шумски земјишта од општонароден имот.

По исклучок од претходниот став, а под условите одредени со овој закон, ќе се признае на држател земјоделец право на сопственост на самовласно заземени шуми и шумски земјишта кои се издвоени од шумските комплекси, а непогодни за рационално стопанисување, ако за нивното одржување и унапредување вложил потребни средства и труд.

Право на сопственост на шуми и шумски земјишта, во смисла на претходниот став, може да се признае најмногу до еден хектар.

Член 5

Не се признава право на сопственост на самовласно заземено неплодно земјиште што е приспособено за пасиште.

Член 6

Не може да се признае право на сопственост на самовласно заземено земјиште:

1. што пречи на комуникациите;

2. што се наоѓа во средина на општонароден имот (енклави и полуенклави) или пречи на правилното стопанисување со шумите и општонародниот имот;

3. што се наоѓа на ерозивно земјиште или што пречи на спроведување мерки за одбрана од води, кое е како такво прогласено од надлежен орган;

4. што се наоѓа на мелиорирано подрачје или на подрачје на кое се изведуваат мелиорациони работи;

5. што се наоѓа на подрачје на кое се изведуваат работи за истражување на рудно богатство.

Ако само дел од самовласно заземеното земјиште претставува пречка во смисла на претходниот став, право на сопственост не ќе се признае само на тој дел од земјиштето.

Член 7

Во смисла на овој закон самовласно заземеното земјиште пречи на комуникациите, ако со признавањето правото на сопственост на држателот се отежнува јавниот сообраќај во населбата или пристапот кон заедничко поило или пасиште.

Член 8

Енклави односно полуенклави, што претставуваат пречка за признавање право на сопственост на самовласно заземено земјиште, се сметаат оние површини кои се наоѓаат или влегле во општонародниот имот.

На енклави односно полуенклави кои преставуваат поголеми површини на селскостопанско земјиште и што ги зазеле и ги обработуваат поголем број земјоделци, може да се признае право на сопственост.

Член 9

Ерозивно земјиште, во смисла на овој закон е земјиште на кое се видливи трагите од смивање или кое се одронува или постои опасност од смивање или одронување, а кое како такво е прогласено од надлежен орган.

Член 10

Мелиоративно подрачје во смисла на овој закон, се смета подрачје на кое се извршени технички мерки и изградени објекти со цел за одбрана од води, наводнување, како и подрачја на кои според

плановите за унапредување на земјоделството такви работи треба да се извршат.

Член 11

Како подрачје за истражување на рудно богатство во смисла на овој закон, се смета подрачјето на кое, по одобрение од републичкиот орган на управата надлежен за работите на рударството, се изведуваат работи за истражување на рудно богатство.

Член 12

Право на сопственост на самовласно заземено земјиште се признава само на држателот.

Ако по рокот предвиден во член 2 од овој закон самовласно заземеното земјиште преминало во државина на друго лице, право на сопственост ќе се признае на тоа друго лице под услов преминување да е извршено на основа валидна правна работа и без прекин во државината.

Член 13

Ако по овој закон на држателот земјоделец не му се признава право на сопственост на самовласно заземеното земјиште, а неговото домаќинство е без земја и нема други извори за приходи, народниот одбор на општината може да му додели на бесплатно користење од општонародниот имот, имајќи го во предвид бројот на членовите од неговото домаќинство и неговата општа економска положба.

Ако право на сопственост не може да се признае на самовласно заземеното земјиште на кое е изградена куќа а држателот нема сопствено земјиште, народниот одбор на општината ќе му додели на бесплатно користење земјиште од општонародниот имот во површина што му е потребна да изгради нова, односно да го пренесе градежниот материјал на постојната куќа или ќе му се овозможи потребно сместување и ќе му се даде налог во определен рок да ги истави постојните станбени згради, доколку со иставањето не би се причинила штета на стопанството.

Органот од член 18 на овој закон решение за давање земјиште на бесплатно користење, според овој член, донесува на основа претходно одобрение од народниот одбор на општината дадено со рамноправно учество на обата собора.

Член 14

На држателот на кој не му се признае правото на сопственост на самовласно заземеното земјиште, тоа земјиште ќе му се остави во државина додека ги прибере посевите односно плодовите.

За зградите, како и трајните насади подигнати на заземеното земјиште што се одзема од држателот, ќе се определи надоместок на товар на општината, а во висина на надоместокот предвиден со прописите за експропријација.

Член 15

Постапката за расправање на имотните односи настанати на самовласно заземените земјишта од општонародниот имот се покренува по барање на држателот или по службена должност.

Државните органи, стопанските и општествените организации што полагаат право на управување на самовласно заземено земјиште, се должни да бараат да се покрене постапка за расправање на узурпација.

Државните органи, стопанските и општествените организации што полагаат право на самовласно заземено земјиште можат до окончувањето на постапката да предложат органот од член 18 на овој закон да донесе решение со кое ќе се одбие признавањето право на сопственост на заземеното земјиште.

Член 16

Во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, органот на управата на народниот одбор на општината надлежен за работите на имотно-правните односи ќе ги покани преку јавно огласување држателите на самовласно заземените земјишта од општонародниот имот да поднесат барање за признавање односно непризнавање правото на сопственост на тоа земјиште.

Држателите на самовласно заземено земјиште се должни во рок од три месеца од денот на јавното огласување да поднесат писмени барања од органот на управата од претходниот став.

Член 17

Барањето за признавање односно непризнавање правото на сопственост на самовласно заземеното земјиште треба да содржи:

1. Фамилијарно- татково и родено име, занимање и престојалиште на држателот на заземеното земјиште, како и на членовите на неговото домаќинство што живеат со него во заедница;

2. поблизок опис на заземеното земјиште спрема таписките книги, односно тапијата (катастарска парцела, површина, култура) како и површината на сопственото земјиште на држателот и на членовите на неговото домаќинство;

3. податоци за тоа кога и кој земјиштето самовласно го зазел и од кога и на кој основ го држи сегашниот држател;

4. предлог за признавање односно непризнавање правото на сопственост на држателот.

Откако органот на управата на народниот одбор на општината надлежен за работите на имотно-правните односи го прими барањето за признавање односно непризнавање сопственост на самовласно заземеното земјиште, ќе го достави на органот од член 18 на овој закон.

Член 18

Постапката за расправање на имотните односи настанати со самовласно заземено земјиште од општонародниот имот ја води и донесува решенија општинската комисија за узурпации.

Општинската комисија за узурпации се состои од преседател и два члена и нивни заменици, кои ги именува и разрешува народниот одбор на општината на заедничка седница на обата собора.

Претседателот и неговиот заменик се именуваат од редот на судиите на околискиот суд односно од редот на службениците на народниот одбор на општината со правна спрема, едниот член и неговиот заменик од редот на одборниците на народниот одбор на општината, а другиот член и неговиот заменик од редот на службениците кои вршат имотно-правни работи во народниот одбор на општината.

Административните и техничките работи на комисијата ги врши органот на управата на народ-

ниот одбор на општината надлежен за работите на имотно-правните односи.

Член 19

Општинската комисија за узурпации ги собира сите податоци потребни за расправање на самовласното заземање, а особено: кој и кога земјиштето го зазел, на кое место истото се наоѓа, занимањето и престојалиштето на сегашниот држател, бројот на членовите на неговото домаќинство и површината на неговото сопствено селскостопанско земјиште. Комисијата посебно точно ќе ја одреди секоја заземена парцела на основа податоците од таписките книги, катастарските операти, тапиите, елаборатите за разграничување на државните шуми и слично, а во случај кога такви податоци нема, со премер на лице место според прописите за катастарското премерување.

Член 20

Ако комисијата установи дека е во прашање еден од случаите предвидени во член 6 на овој закон, со заклучок ќе му соопшти на држателот дека до конечното решение по предлогот не смее да ги расипува или однесува уредите или направите од заземеното земјиште или да ги уништува трајните засади што на тоа земјиште постојат (шуми, овоштарници, лозја и слично). Ако држателот постапи спротивно на оваа забрана, ќе одговара за причинетата штета, а комисијата веднаш ќе го одземе земјиштето од држателот.

Член 21

Против решението на општинската комисија за узурпации може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до органот на управата на народниот одбор на околијата надлежен за работите на имотно-правните односи.

Член 22

Трошоците на постапката по овој закон ги сноси држателот на самовласно заземеното земјиште во сите случаи кога не му се признава право на сопственост на самовласно заземеното земјиште.

Трошоците ги сноси народниот одбор на општината во случаите кога на држателот ќе му се признае право на сопственост на самовласно заземеното земјиште.

Член 23

Решението со кое се признава право на сопственоста на заземеното земјиште му се доставува на држателот, на органот на управувањето, на катастарскиот уред и на јавниот правобранител на општината односно на околијата.

Решението со кое заземеното земјиште се одзема, се доставува на сегашниот држател и на органот на управувањето.

Член 24

Правосилното решение со кое, според одредбите на овој закон, се признава право на сопственост на заземеното земјиште е извршен наслов за пренос на правото на сопственост и за други уписи во таписките или интабулационите книги, како и во земјишните книги односно извршен наслов за издавање на тапија.

Член 25

Комисијата од член 18 на овој закон е должна секое решение со кое од досегашниот држател се одзема самовласно заземеното земјиште, по неговата правосилност да го достави на надлежниот суд заради спроведувањето на соодветни уписи во таписките книги односно за издавање на тапија како и да се грижи соодветните промени да бидат спроведени во катастарот односно да бидат воведени во пропишаните евиденции.

Судот ќе постапи по одредбите од Уредбата за укнижување правото на сопственост на државниот недвижен имот („Службен лист на ФНРЈ" бр. 58/47)

Член 26

Во однос на заземеното земјиште за кое сегашните држатели го докажуваат правото на сопственост со правосилна судска пресуда, тапија или упис во таписките книги, не се спроведува постапката по овој закон. Општинската комисија за узурпации ќе го извести надлежниот јавен правобранител за вакавите случаи заради оценување дали има место за покренување редовна судска постапка.

Член 27

Поднесоците (молби, жалби, предлози) и решенијата во постапката по овој закон се ослободени од такса по член 32 од сојузниот Закон за аграрната реформа и колонизација.

Член 28

Споровите за заземање на земјишта од општонародниот имот кои се наоѓаат на решавање пред судовите ќе се доставaт на надлежната општинска комисија за узурпации за понатамошна постапка по овој закон.

Несвршените предмети во управната постапка за заземање на земјиште од општонароден имот ќе се предадат на надлежната општинска комисија за узурпации за понатамошна постапка по овој закон.

Член 29

На држателот на самовласно заземеното земјиште што не ќе поднесе писмено барање за признавање правото на сопственост во рокот предвиден со член 16 став 2 од овој закон, не му се признава правото на сопственост на тоа земјиште.

Член 30

По потреба поблиски прописи за спроведување на овој закон донесува Државниот секретаријат за работи на финансиите.

Член 31

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Уредбата за органите и постапката за расправање на самовласните завзимања на земјиштата од општонародниот имот („Службен весник на НРМ", бр. 7/55).

Член 32

Овој закон влегува во сила осмиот ден по неговото објавување во „Службен весник на НРМ".

---

**70.**

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТИНСКИОТ ЛОКАЛЕН ДАНОК

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република

Македонија се прогласува Законот за општинскиот локален данок, што го усвои Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 27 март 1959 година и на седницата на Соборот на производителите одржана на 27 март 1959 година.

У бр. 6
27 март 1959 година
Скопје

| | |
|---|---|
| Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски**, с. р. | Претседател на Извршниот совет, **Љупчо Арсов**, с.р. |

## ЗАКОН
## ЗА ОПШТИНСКИОТ ЛОКАЛЕН ДАНОК

Член 1

Народните одбори на општините се должни да пропишат општински локален данок (во натамошниот текст — локален данок) со цел да соберат средства за задоволување на комуналните, стопанските, здравствените, социјалните, културните, просветните и другите потреби што се распоредуваат на буџетите и одделните фондови.

Локалниот данок на подрачјето на град Скопје го пропишува Градскиот совет.

Член 2

Локалниот данок се пропишува на приходите од селското стопанство и од самостојните занимања и имоти.

Локален данок не се пропишува на приходите од стопанската дејност на лица без постојано место на работење и на лица кои стопанската дејност ја вршат во вид на услуги со употреба на сопствена физичка сила.

Член 3

На обврзник што остварува приходи на подрачја од повеќе општини, локалниот данок му се пресметува во општината и по стопата на локалниот данок на општината во која му се пресметува и данокот на доход.

Локалниот данок, пресметан според претходниот став, се дели меѓу општините во кои обврзникот има приходи, сразмерно со износот на катастарскиот приход односно сразмерно со износот на бруто приходот на обврзникот, остварен на нивното подрачје и во тие општини се книжи и се наплатува.

Локалниот данок на повремени приходи, на бруто прометот и бруто приходот и' припаѓа на општината на која и' припаѓа и соодветниот данок на доход.

Член 4

Обврзникот на локалниот данок е лице кое во годината за која се пресметува локалниот данок се задолжува во истата општина со данок на доход по годишниот облог односно го плаќа данокот на доход на повремени приходи, на бруто промет или бруто приход.

Промената на даночната обврска по данокот на доход е основ за промена и на обврската по локалниот данок.

Член 5

Основицата за пресметување на локалниот данок е истоветна со основицата на данокот на доход за истата година односно со основицата за данокот на доход на повремените приходи, на бруто прометот или бруто приходот.

Обврзниците што плаќаат данок на доход во определен (паушален) износ, го плаќаат и локалниот данок во определен (паушален износ).

На даночните обврзници што имаат катастарски приход во повеќе катастарски општини, за кои се пропишани различни прогресивни стопи, општинскиот данок ќе им се пресметува според стопите што се пропишани за катастарската општина во која тие живеат.

Доколку даночниот обврзник не живее во околијата во која му се наоѓа земјиштето, локалниот данок на приход од селското стопанство ќе му се пресметува според стопите што важат за катастарската општина, во која тој има најголем катастарски приход.

Член 6

Стопите на локалниот данок на приходите за кои се утврдува годишна даночна основица, како и на повремените приходи, се прогресивни.

Стопите на локалниот данок на приходи на кои се плаќа данок на доход во процент на прометот или бруто приход се пропорционални.

Стопите се пропишуваат одделно за локалниот данок на приходот од селското стопанство, одделно на приходот од самостојни занимања и од имот.

Стопите на локалниот данок на приходи од селското стопанство за одделни катастарски општини во една општина можат да се пропишат во различна висина.

Стопите на локалниот данок на приходите за кои се плаќа данокот на доход во процент на прометот или на бруто приходот можат да се пропишат во различна висина за секој вид такви приходи според нивната категоризација од прописот за данокот на доход.

Член 7

Стопите на локалниот данок ги пропишува народниот одбор на општината односно градскиот совет, под условите определени во став 2 од член 1 на овој закон.

Народниот одбор на околијата, во согласност со Извршниот совет може да ги пропише минималните и максималните стопи на локалниот данок за подрачјето на околијата.

Член 8

Во однос надлежноста на органите на управата за извршувањето на овој закон во управната постапка, на стасаноста на плаќањето, аконтацијата, постапката на присилната наплата, ненаплативоста, затезната камата, трошоците на присилната наплата, враќањата, времените ослободувања, олеснувањата, гаранцијата, застареноста, завршните сметки и контролата над извршувањето на овој закон, ќе се применуваат соодветните одредби од прописите за данокот на доход.

Член 9

Во општините, во кои до влегувањето во сила на овој закон не бил пропишан локален данок на приходи од самостојни занимања и од имоти, во 1959 година, до редовното задолжување, обврзни-

ците ќе плаќаат аконтација на локалниот данок на такви приходи.

Пресметувањето на аконтациите ќе се врши со примена на стопите пропишани за 1959 година на основиците за данокот на доход од самостојни занимања и од имот, утврдени за 1958 година.

Член 10

Правата и обврските според Законот за општинскиот прирез што не се правосилно решени до 31 декември 1958 година, ќе се решаваат според тој закон.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1959 година, со кој ден престанува да важи Законот за општинскиот прирез („Службен весник на НРМ" бр. 40/55).

---

71.

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ НА ДОМАШНИТЕ ПОМОШНИЧКИ

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото уредување и органите на власта на Народна Република Македонија се прогласува Законот за работните односи на домашните помошнички, што го усвои Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 27 март 1959 година и на седницата на Соборот на производителите одржана на 27 март 1959 год.

У бр. 7
27 март 1959 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски,** с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Љупчо Арсов,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ НА ДОМАШНИТЕ ПОМОШНИЧКИ

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Домашните помошнички се работници во работен однос што се ангажираат од приватни домаќинства или одделни лица (самци) за вршење на домашни работи (чистење, перење, готвење и др.).

Член 2

Правата и обврските на домашните помошнички (во понатамошниот текст работници) се определуваат со писмен договор за работа што се склучува меѓу работодателот и работникот, на основа и во рамките на овој закон.

Член 3

Договорот за работа содржи одредби особено за:

1) засновањето на работниот однос;
2) работното време;
3) платата;
4) одморите и отсуствата; и за
5) основата и начинот за престанокот на работниот однос.

Член 4

Работодателот е должен договорот за работа да го поднесе на регистрација кај органот на управата на народниот одбор на општината надлежен за труд и работни односи во рок од 15 дена од денот на склучувањето.

Договорот за работа влегува во сила со денот на регистрирањето.

Член 5

Општите одредби за работните односи (Дел I) од Законот за работните односи, доколку со овој закон поради посебниот карактер на работниот однос на домашните помошнички не е инаку определено, важат и во однос на овие работници.

### ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Засновање на работен однос**

Член 6

Лицето што стапува во работен однос треба да ги исполнува следните услови:

1) да има навршено 15 години возраст; и
2) да има општа здравствена способност за работа.

Член 7

Лицето што стапува во работен однос е должно претходно лекарски да се прегледа од страна на лекарот на јавната здравствена служба, заради утврдување на неговата општа здравствена состојба.

Лицето од претходниот став ги сноси само трошоците за лекарскиот преглед доколку нема право на бесплатна здравствена заштита по прописите на здравственото осигурување.

Член 8

Работниот однос се заснова, по правило, на неопределено време.

По исклучок, работниот однос може да се заснова и на определено време во следните случаи:

1) ако работата за која тој однос се засновува не ќе трае повеќе од шест месеци; и
2) во случај на замена на работник за време на болест, ползување на отсуство и слично.

Член 9

Работниот однос може да се засновува на проба.

Траењето на пробниот работен однос се утврдува договорно, и не може да трае повеќе од 30 дена.

Работен однос на проба се засновува со посебен писмен договор кој се склучува помеѓу работодателот и работникот.

Ако по истекот на договорниот пробен рок работникот во согласност со работодателот продолжи со работата, се смета дека е работниот однос заснован на неопределено време, и тоа од денот кога работникот стапил на пробна работа.

Член 10

Лицето што стапува во работен однос мора да има работна книшка.

Член 11

Според работата што ја врши, стручната спрема и практиката помината на домашни работи, работниците се распоредуваат во три стручни категории:

I категорија,

II категорија, и

III категорија.

Секретаријатот за труд на Извршниот совет пропишува услови и начин за распоредување на работниците по категории.

**Привремен работен однос**

Член 12

За вршење на привремени работи, како и за вршење работи со скратено работно време, работодателот може со работникот да засновува привремен работен однос.

Со договорот за работа склучен меѓу работодателот и работникот што стапува во привремен работен однос се определуваат правата и обврските на договорните странки, а особено: работата што треба да се изврши, висината на наградата за работата, работното време, времетраењето на работата и слично.

Член 13

Работниците во привремен работен однос имаат од правата, што со овој закон и други прописи се признаваат на работниците во редовен односно постојанен работен однос, само право на хигиенско-техничка заштита при работата и право на социјално осигурување за случај повреда на работата.

Придонесот за осигурување во случај на повреда при работа го плаќа работодателот во висината определена со посебни прописи.

Член 14

Редовното работно време на работниците изнесува 8 часа дневно односно 48 часа неделно.

Секретаријатот за труд на Извршниот совет го пропишува редовното работно време на работниците што живеат кај своите работодатели.

Член 15

За извршување на вонредни работи, работодателот има право да нареди прекувремена работа.

По барање на работникот, работодателот е должен да му издаде писмен налог за извршување на прекувремената работа.

Прекувремената работа по претходниот став може да изнесува најмногу 8 часа неделно.

Во согласност со работникот времетраењето на прекувремената работа може да трае и повеќе од осум часа неделно, а најмногу до 14 часа.

**Плата**

Член 16

Износот на платата на работникот се определува со договорот за работа.

Платата на работникот за извршената работа во редовно работно време со договорот за работа не може да се определи во износ помал:

1) за работници I категорија од 9.300 дин. месечно;

2) за работници II категорија од 7.700 дин. месечно;

3) за работници III категорија од 6.200 дин. месечно.

Во износот на платата од претходниот став не се сметаат придонесите што се исплатуваат од платата.

Член 17

Давачките во натура (стан, храна и сл.) што ќе се даваат на работникот се определуваат со договорот за работа.

Во договорот за работа се определува и паричната вредност на давачките во натура, што се одбива од вкупниот износ на платата, при што за давачките во натура на работникот може да му се одбие од вкупниот износ на платата најмногу 50% од висината на истата.

Член 18

За часовите проведени на прекувремена работа работникот има право на плата зголемена за 50%.

Со договорот за работа платата за прекувремената работа може да се определи и во паушален износ.

Член 19

За дните на државните празници, на кои не се работи, работникот има право на надоместување на платата пресметана за редовното работно време, што е вклучено во месечниот износ на платата.

Член 20

Ако работникот по исклучителна потреба и по налог на работодателот работи во ден на државен празник, покрај надоместувањето од претходниот член, тој има право и на дополнителна плата за извршената работа пресметана со зголемување од 50%.

**Одмори и отсуства**

Член 21

На работникот што работи со еднократно редовно работно време му се осигурува во текот на работата одмор во траење од 30 минути. Овој одмор се засметува во редовното рабтоно време и за тоа време работникот има право на плата.

Ако работникот работи со двократно редовно работно време, прекинувањето на работата не може да биде покусо од еден час. Овој одмор не се засметува во редовното работно време.

Член 22

Во текот на работниот период од седум дена на работникот му се осигурува ден на неделен одмор.

Неделниот одмор може да се даде и во два дена по пладне.

Со договорот за работа се определува денот на неделниот одмор.

Член 23

По потреба, работодателот може да нареди работа и во ден определен за неделен одмор.

За работата извршена во ден на неделен одмор на работникот му следува дополнителна плата зголемена со 50%.

По исклучок од одредбите на претходниот став, со договорот за работа може да се предвиди работникот што по исклучок работел на ден на неделен

одмор да го ползува својот неделен одмор во друг ден од неделата.

Работата во ден на неделен одмор може да се повтори најмногу два пати во месецот.

Член 24

Работникот има право на платен годишен одмор по одредбите на Дел I од Законот за работни односи.

Член 25

Секретаријатот за труд на Извршниот совет ќе го пропише начинот на ползувањето на неделниот одмор и на одморот во дните на државни празници на работниците што живеат кај своите работодатели.

Член 26

Во определени случаи, работникот има право на платено отсуство по приватни причини во вкупно траење од седум дена во една календарска година.

Случаите за кои на работникот ќе му се даде платено отсуство и траењето на отсуството за секој одделен случај се определуваат со договорот за работа.

Член 27

Во оправдани случаи на работникот може да му се одобри неплатено отсуство заради свршување на приватни работи.

Со договорот за работа се определува во кои случаи ќе му се одобрува на работникот неплатено отсуство и времетраењето на истото.

**Престанок на работниот однос**

Член 28

Работниот однос престанува:

1) по спогодба;

2) по отказ;

3) по истек на времето за кое е заснован;

4) поради самоволно напуштање на работата; и

5) по сила на законот.

**Престанок на работниот однос по спогодба**

Член 29

Со писмена спогодба меѓу работодателот и работникот работниот однос може да престане во секое време.

Престанок на работниот однос по отказ.

Член 30

Работниот однос заснован на неопределено време може да го откаже како работодателот така и работникот.

Отказот врачен во времето од 1 до 15-ти во месецот дејствува од 15-ти, а отказот врачен од 16 до последниот ден во месецот дејствува од првиот ден на идниот месец.

Член 31

Отказниот срок се определува со договорот за работа и не може да биде подолг од 6 месеци, ниту покус од 15 дена.

Член 32

На работникот не може да му се даде отказ:

1) за време на болест, болување, опоравок или користење на годишен одмор; и

2) на бремени жени и мајки со деца до осуммесечна возраст.

**Престанок на работниот однос заснован на определено време**

Член 33

Работниот однос заснован на определено време престанува со истекот на времето на кое е заснован.

Ако по истекот на времето на кое работниот однос е заснован работникот продолжи да работи со согласност на работодателот, се смета дека работниот однос е продолжен на неопределено време.

**Престанок на работниот однос поради самоволно напуштање на работата**

Член 34

Работниот однос престанува со самоволно напуштање на работата од страна на работникот.

Како самоволно напуштање на работата се смета:

1) ако работникот на несомнителен начин му стави на знаење на работодателот дека и без негово одобрение ја напушта работата и го раскинува работниот однос;

2) ако работникот неоправдано изостане од работата најмалку седум дена еднолодруго.

**Престанок на работниот однос по сила на законот**

Член 35

Работниот однос престанува независно од волјата на работникот и работодателот во следниве случаи:

1) ако работникот од страна на надлежниот орган на социјалното осигурување биде огласен за трајно и наполно неспособен за работа, со денот на утврдената неспособност;

2) ако работникот со правосилна пресуда биде осуден на казна затвор во траење над една година, со денот на стапувањето на издржувањето на казната.

Член 36

Работодателот е должен да го извести надлежниот орган на службата за посредување на трудот:

1) за отказот даден на работникот веднаш, а најдоцна во рок од пет дена од денот кога отказот е даден; и

2) за престанокот на работниот однос по друг основ веднаш, а најдоцна во рок од пет дена од денот на престанокот на работниот однос.

**Казнени одредби**

Член 37

Работодателот ќе се казни за прекршок со парична казна од 5.000 до 15.000 динари, ако работниот однос го раскине спротивно на член 32 од овој закон.

Работодателот ќе се казни за прекршок со парична казна од 1.000 до 10.000 динари:

1) ако засновува работен однос со работник без писмен договор за работа;

2) ако на работникот не му осигури пропишан дневен и неделен одмор, како и пропишан годишен одмор;

3) ако на работникот му исплатува плата во помал износ од предвидениот со договорот за работа односно предвидениот во член 16 од овој закон;

4) ако работниот однос го раскине со устен отказ;

5) ако за дадениот отказ на работникот односно престанокот на работниот однос по друг основ не го извести надлежниот орган на службата за посредување на трудот во пропишаниот рок (член 36)

**Завршни одредби**

Член 38

Постојните договори за работа меѓу работодателите и работниците мораат да се усогласат со одредбите на овој закон во рок од два месеца од влегувањето во сила на овој закон.

По извршеното усогласување по одредбите на претходниот став, постојните договори за работа мора да се испратат на регистрација до надлежниот орган на управата на народниот одбор на општината надлежен за труд и работни односи во рок од 15 дена.

Член 39

Надзор над извршувањето на прописите на овој закон врши инспекторатот на трудот.

Член 40

За решавање на споровите од работниот однос што ќе настанат меѓу работникот и работодателот надлежен е редовниот суд.

Член 41

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Уредбата за трудовите односи и плаќањето на домашниот помошен персонал („Службен весник на НРМ“ бр. 34/52).

Член 42

Се овластува Секретаријатот за труд на Извршниот совет да донесе поблиски прописи за спроведувањето на овој закон.

Член 43

Овој закон влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на НРМ“.

---

**72.**

На основа член 26 став 2, во врска со член 7 од Законот за промет на семенска стока, Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ УСТАНОВИ КОИ ЌЕ ВРШАТ ИСПИТУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА И КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕНСКАТА СТОКА

I.

Во дел II од Решението за определување установи кои ќе вршат испитување на здравствената состојба и квалитетот на семенската стока („Службен весник на НРМ“ бр. 2/55), по точка 6 се додава точка 7, која гласи:

„7 Реонска земјоделска опитна станица во село Ерцелија — Штипска околија“.

II

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

Бр. 568
18 февруари 1959 година
Скопје

Секретар
за земјоделство и шумарство
на Извршниот совет,
**Методи Митевски**, с. р.

---

**73.**

На основа член 2 став 1 и член 4 став 2 од Уредбата за посебниот додаток за санитарни инспектори („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 6/59), Советот за народно здравје на Народна Република Македонија донесува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ ДОДАТОК ЗА САНИТАРНИТЕ ИНСПЕКТОРИ

Член 1

Вистина на посебниот додаток за санитарните инспектори и помошни санитарни инспектори запослени во Републичкиот санитарен инспекторат, околиските и општинските санитарни инспекторати, како и во отсеци и реферати за санитарна инспекција во општини кои немат санитарен инспекторат изнесува и тоа за:

1. Главен републички санитарен инспектор од 20 до 30% од основната и положајната плата;

2. Санитарни инспектори во Републичкиот санитарен инспекторат од 15 до 30% од основната и положајната плата;

3. Помошни санитарни инспектори во Републичкиот санитарен инспекторат од 15 до 25% од основната и положајната плата;

4. Шеф на околискиот санитарен инспекторат од 20 до 30% од основната и положајната плата;

5. Санитарни инспектори во околискиот санитарен инспекторат од 15 до 30% од основната и положајната плата;

6. Помошни санитарни инспектори во околискиот санитарен инспекторат од 15 до 25% од основната и положајната плата;

7. Шеф на општинскиот санитарен инспекторат од 20% до 30% од основната и положајната плата;

8. Шеф на отсек односно референт за санитарна инспекција во општина која нема санитарен инспекторат од 15 до 25% од основната и положајната плата;

9. Санитарни и помошни санитарни инспектори во општинските санитарни инспекторати, отсеци и референти за санитарна инспекција од 15 до 25% од основната и положајната плата;

Член 2

Висина на посебниот додаток за службениците со висока медицинска спрема запослени во Советот за народно здравје на Народна Република Македонија и во органите на управата на народните одбори на општините и околиите надлежни за работите на народно здравје како и во управните установи со делокруг од областа на народното здравје изнесува и тоа:

1. Секретар на Советот за народно здравје на НРМ од 20 до 30% од основната и положајната плата;

2. Началник на одделение за здравство во Советот за народно здравје на НРМ од 20 до 30% од основната и положајната плата;

3. Шеф на отсек во Советот за народно здравје на НРМ од 20 до 25% од основната и положајната плата;

4. Началник на Секретаријатот за народно здравје на народниот одбор на околијата од 20 до 30% од основната и положајната плата;

5. Шеф на отсек во Секретаријатот за народно здравје на народниот одбор на околијата од 20 до 25% од основната и положајната плата.

Член 3

Решенијата за доделување висина на посебен додаток во границите пропишани со член 1 и 2 од овој правилник за секој службеник одделно ги донесува старешината надлежен за назначување, водејќи сметка за тежината и условите на работата и значењето на работното место на функцијата која службеникот е има.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија", а ќе се применува од 1 февруари 1959 година.

Бр. 03—1183/1
15-IV-1959 година
Скопје

Претседател
на Советот за народно здравје на НРМ,
**Васил Ѓоргов**, с. р.

# Огласен дел

## РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 213, на страна 37 е запишана под фирма: Претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници „Тутун" — Скопје — Продавница во Скопје, плоштад „Маршал Тито" (до Централната аптека). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на тутунови производи, цигари, кибрит и вредносници, жилети и прибор за пушење, а по решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 17187 од 27-XII-1957 год. и продажба на прибор за пишување и хигиенска гума.

Продавницата е основана согласно со одобрението на НО на општината „Идадија" — Скопје бр. 12943 од 27-VIII-1957 год.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 218/58. (1010)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 213, на страна 37 е запишана под фирма: Трговско претпријатие „Тутун" — Скопје — Продавница во Скопје, ул. „13 ноември" (бетонски мост). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на тутунови производи, кибрит, вредносници, жилети, и прибор за пушење.

Продавницата е основана од Претпријатието „Тутун" — Скопје, а согласно со одобрението на Народниот одбор на општината „Кисела Вода" — Скопје бр. 11911 од 23-XI-1957 год.

За раководител на продавницата е назначен Димитровски Петко. Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 125/58. (1011)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 213 на страна 37 е запишана под фирма: Трговско претпријатие „Тутун" — Скопје — Продавница — барака во Скопје, ул. „Максим Горки" бр. 28. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на тутунови производи, кибрит, вредносници, жилети и прибор за пушење.

Продавницата е основана од Претпријатието „Тутун" — Скопје, а согласно со одобрението на НО на општината „Кисела Вода" — Скопје бр. 11912 од 23-XI-1957 год.

За раководител на продавницата е назначена Трајковска Драгица. Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 124/58. (1012)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 213, на страна 37 е запишана под фирма: Претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници „Тутун" — Скопје — Продавница во Скопје, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ". Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на тутунови производи, цигари, кибрит и вредносници, жилети и прибор за пушење, а со решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 17187 од 27-XII-1957 год. и со прибор за пишување и продажба на хигиенска гума.

Продавницата е основана согласно со одобрението на НО на општината „Идадија" — Скопје бр. 12944 од 21-VIII-1957 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 215/58. (1013)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 213 на страна 35 е запишана под фирма: Претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници „Тутун" — Скопје — Продавница во Скопје, ул. „Гоце Делчев" (до станицата за Брза помош). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на тутунови производи, цигари, кибрит и вредносници, жилети и прибор за пушење, а со решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 17187 од 27-XII-1957 год. и со прибор за пишување и продажба на хигиенска гума.

Продавницата е основана согласно со одобрението на НО на општината „Идадија" — Скопје бр. 12946 од 21-VIII-1957 год.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 216/58. (1014)

## ПРОМЕНИ ВО РЕГИСТАРОТ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 20-II-1958 год. под рег. бр. 3 на страна 55 е запишано следното: Тихомир Огњанов Тодоров, досегашен директор на Претпријатието за откуп, преработка и продажба на тутун и производство на расад „Горица" од с. Виница — Кочани, е разрешен од должност и на негово место за директор е назначен Јаким Иванов Бубински, кој ќе го потпишува и претставува претпријатието.

Промената на дриекторот е одобрена со решението на Народниот одбор на општината Виница бр. 14560 од 12-XII-1957 год.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 27/58. (331)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 18-I-1958 год. под рег. бр. 4 на страна 38 е запишано следното: Трендафилов Јован, досегашен директор на Околиската керамидна фабрика „Црвена ѕвезда" во Пехчево, е разрешен од должност и на негово место за директор е назначен Киро Бочварски, кој ќе ја потпишува и претставува фабриката.

Промената на директорот е одобрена сорешението на Народниот одбор на општината Пехчево бр. 4538 од 19-XII-1957 година. (332)

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 6/58. (332)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15-II-1958 година под рег. бр. 4 на страна 83 е запишано следното: Драгорад Иванковиќ, досегашен директор на Претпријатието „Македонија азбест" — Богословец — Св. Николе, е разрешен од должност и на негово место за директор е назначен Јаким Илиев Јакимовски, кој ќе го потпишува и претставува претпријатието.

Истовремено за шеф на стопанско-сметководниот сектор е назначен Благој Велков, кој како и директорот е овластен да го потпишува претпријатието.

Промената на директорот е одобрена со решението на Народниот одбор на општината Св. Николе бр. 7043 од 31-I-1958 год.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 23/58. (335)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 19-II-1958 год. под рег. бр. 5 на страна 78 е запишано следното: Зафиров Димов Ѓорѓи, досегашен в.д. директор на Земјоделското сточарско стопанство „Канда" од Св. Николе, е разрешен од должност и на негово место за директор е назначен Мишев Панзов Лазо, кој ќе го потпишува и претставува стопанството.

Промената на директорот е одобрена со решението на Народниот одбор на општината Св. Николе бр. 01—654 од 8-II-1958 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 33/58. (336)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 4-III-1958 год. под рег. бр. 2 на страна 241 е запишано следното: Тодоров Ристо, досегашен директор на Сточарското претпријатие „Саланџак" од Струмица, е разрешен од должност и на негово место за директор е назначен Колев Јаков Душко, кој ќе го потпишува и претставува претпријатието.

Промената на директорот е одобрена со решението на Народниот одбор на општината Струмица бр. 2142 од 25-II-1958 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 36/58. (339)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15-III-1958 год. под рег. бр. 5 на страна 26 е запишано следното: Се проширува предметот на работењето на Трговското претпријатие на големо и мало „Македонија" од Струмица, и со: трговија со животни намирници и предмети за куќни потреби, јажарска стока, каделни и јутени производи, чевли, производи од гума, каучук и пластични маси, железарска и метална стока (само ситна), нафтени деривати (петрол), парфимериска и козметичка стока, стакло, порцулан и керамичка стока, деликатесни производи, тутунови производи и кибрит и мешана индустриска стока.

Проширувањето на дејноста е одобрено со решението на Народниот одбор на општината Струмица бр. 2239 од 14-II-1958 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 57/58. (340)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12-II-1958 год. под рег. бр. 1 на страна 1 е запишано следното: Николов Илија, досегашен претседател на Општата земјоделска задруга „Беласица“ од с. Габрово — Струмица, е разрешен од должност и на негово место за претседател е избран Сократов Тушо, кој ќе ја потпишува и претставува задругата.

Истовремено за благајник на задругата е назначен Агушев Алексо, кој како и претседателот ќе ја потпишува.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 9/58. (341)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12-II-1958 год. под рег. бр. 2 на страна 77 е запишано следното: Кавраков Дончо, досегашен директор на Печатницата „Илинден“ во Штип, е разрешен од должност и на негово место за в.д. директор е назначен Арсов Павле, кој ќе ја претставува и потпишува печатницата.

Промената на директорот е одобрена со решението на Народниот одбор на општината Штип бр. 02—362/1 од 4-II-1958 год.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи 18/58. (347)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 11-II-1958 год. под рег. бр. 3 на страна 138 е запишано следното: Се менува фирмата на Околискиот деловен сојуз за механизација, со седиште во Штип, и ќе гласи: Деловен сојуз за механизација, со делокругот на општините Штип, Св. Николе, Џумајлија и Пробиштип, со седиште во Штип. Исто така кон Сојузот се припојуваат: Сервисната работилница „Напредок“ — Штип, која станува погон за оправка на земјоделски машини и моторни возила и Продавницата за резервни делови — Штип, која станува погон за снабдување со земјоделски машини, орудија и резервни делови.

Промената на фирмата и припојувањето на Работилницата и Продавницата кон Сојузот се одобрени од Народниот одбор на општината Штип со решението бр. 13755 од 30-XII-1958 година.

Деловниот сојуз за механизација и погоните ќе ги претставува директорот Самоников Јордан, кој заедно со шефот на сметководството Давков Трајко, ќе го потпишува сојузот.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 16/58. (348)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 18-I-1958 год. под рег. бр. 2 на страна 22 е запишано следното: Митко Малинков, досегашен директор на Претпријатието за расподелба на електрична енергија во Штип, е разрешен од должност и на негово место за директор е назначен Трајко Ковачов, кој ќе го претставува и потпишува претпријатието.

Промената на директорот е одобрена со решението на Народниот одбор на општината Штип бр. 14753 од 17-XII-1957 год.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 7/58. (349)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 27-I-1958 год. е запишано следното: Со решението на Народниот одбор на општината Штип бр. 15790 од 22-I-1958 година престануваат да постојат следните самостојни стопанства: „Црвена ѕвезда“ — с. Три Чешми, „Благово“ — с. Таринци, „Руен“ — с. Крупиште и „Напредок“ — с. Радање, бидејќи се фузионираат во нова стопанска организација под назив: Земјоделско-сточарски комбинат „Црвена ѕвезда“, со седиште во с. Три Чешми — Штипско. Својата дејност комбинатот ќе ја врши преку своите погони: полоделски, лозаро-овоштарски- сточарски и живинарски.

За в.д. директор на Комбинатот со поменатото решение на општината е назначен Димов Георгиев Миланчо, од гр. Штип, кој ќе го претставува и заедно со Ристов Сандев Љубо ќе го потпишува комбинатот.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 13/58. (350)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 18-II-1958 год. под рег. бр. 4, на страна 3 е запишано следното: Досегашните потписници на Земјоделската задруга „Борис Кидрич“ во с. Црнилиште — Штипско и тоа: Лазар Илов Колев, управник, и Величко Богатинов Цековски, член, се разрешени од должност. За потписници на задругата се назначени претседателот Миле Здравков Стојановски и книговодителот Наќе Јорданов Стојчески.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 19/58. (351)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 35 на страна 93 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Куманово бр. 782/1 од 13-I-1958 год. Трговскиот дуќан „Нов век“ — Куманово се припојува кон Трговското претпријатие на големо и мало „Ангропромет“, Куманово.

Трговскиот дуќан „Нов век“ во Куманово се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните кај овој суд.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 113/58. (394)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 63 на страна 169 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Куманово бр. 782/1 од 13-I-1958 год. Трговскиот дуќан „Солидарност“ — Куманово се припојува кон Трговското претпријатие на големо и мало „Ангопромет“ — Куманово.

Трговскиот дуќан „Солидарност“ — Куманово се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните кај овој суд.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 114/58. (395)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите на 28-III-1958 год. под рег. бр. 11/56, свеска I е запишано следното: Престанува овластувањето за потпишување на Методија Стојановски, втор потписник на Машинско-тракторскиот погон на Деловниот задружен сојуз за механизација од Битола, и отсега погонот ќе го потпишува само раководителот Крсте Тноковски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 113/58. (453)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите на 2-IV-1959 год. под рег. бр. 9/55, свеска I е запишано следното: Престанува овластувањето за потпишување на лицата Алексовски Јордан и Мојсовски Богдан и отсега Земјоделската задруга „Мирче Ацев“ во с. Прибилци — Демир Хисар ќе ја потпишуваат Врбовски Иванчо, Јакимовски Блаже и Николовски Максим.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 121/58. (457)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите на 25-III-1958 год. под рег. бр. 7/56, свеска II е запишано следното: Престанува овластувањето за потпишување на Исеин Акифи и отсега Земјоделската задруга „Нико Доага“ во с. Житуше — Прилеп ќе ја потпишува Тариќ Хајро, управител, и Тариќ Нурко, книговодител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 105/58. (461)

---

# *КОНКУРСИ*

На основа член 244 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 53/57 год.) и Правилникот за спроведување на конкурсите за пополнување на местата на наставниот и воспитниот персонал во училиштата и другите воспитни установи („Службен весник на НРМ“ бр. 16/58 г.), а врз основа на решенијата за распишување на конкурси донесени од страна на советите надлежни за работата на просветата при општините и Околискиот народен одбор, Секретаријатот за просвета и култура на НО на Охридска околија — Охрид

распишува

**РЕДОВЕН КОНКУРС**

**за учебната 1959/60 година за следните работни места:**

**Гимназија „Климент Охридски“ — Охрид**

— професор за предметот физика
— професор за предметот хемија
— професор за предметот математика

**Гимназија „Мирко Милески“ — Кичево**

— директор — професор со 2 години практика
— 2 професори за предметот македонски јазик со книжевност
— професор за предметот француски јазик
— професор за предметот географија
— професор за предметот биологија
— професор за предметот математика
— професор за предметот хемија
— професор за предметот политичка економија и филозофија
— наставник за предметот предвојничка обука.

**Економска школа — Охрид**

— 2 професори со завршен Економски факултет за предметот книговодство
— 2 професори со завршен Економски факултет за предметот стопанска математика
— професор со завршен Економски факултет за предметот коресподенција
— професор со завршен Економски факултет за предметот технологија со стокознание
— професор со завршен Економски или Филозовски факултет за предметот економска географија
— професор со завршен Филозовски факултет за предметот француски јазик
— професор со завршен Филозовски факултет за предметот германски јазик.

**Околиски историски архив — Охрид**

— директор — професор со завршен Филозовски факултет, група историја со 2 год. практика.

**Просветно-педагошка служба**

— просветен советник — професор со завршен Филозовски факлутет, педагошка група предмети со 3 години практика
— просветен советник — професор или наставник за предметот биологија со 3 односно 5 години практика и положен стручен испит
— просветен советник — професор или наставник за предметот математика—физика со 3 односно 5 години практика и положен стручен испит
— просветен советник — професор или наставник за предметот историја—географија со 3 односно 5 години практика и положен стручен испит
— просветен советник — професор или наставник за физичко-здравствено образование со 3 односно 5 години практика и положен стручен испит.

**Основно училиште (од I—VIII одделение) „Браќа Миладинови“ — Струга**

— професор или наставник за предметот историја
— 2 професори или наставници за предметот математика
— професор или наставник за предметот пеење.

**Основно училиште (од I—VIII одделение) „Григор Прличев“ — Охрид**

— професор или наставник за предметот македонски јазик со положен стручен испит и 5 години практика
— професор или наставник за предметот француски јазик.

**Основно училиште (од I—VIII одделение) „Братство-Единство“ — Охрид**

— професор или наставник за предметот биологија
— професор или наставник за предметот француски јазик.

**Основно училиште (од I—VIII одделение) „Климент Охридски" — Охрид**

— професор или наставник за предметот српски јазик со положен стручен испит и 3 години практика

— професор или наставник за предметот математика со положен стручен испит и 3 год. практика

— професор или наставник за предметот биологија.

**Училиште за ученици во стопанството — Охрид**

— професор или наставник за предметот историја—географија со положен стручен испит и 3 години практика.

**Школа за квалификувани работници — Охрид**

— наставник за предметот македонски јазик со положен стручен испит и 3 години практика во просветно-научна струка.

**Основно училиште (од I—VIII одделение) „Карпош" — Кичево**

— наставник по предметот француски јазик со 3 години практика

— 3 наставника по предметот математика и физика со 3 години практика

— наставник по предметот историја со 3 год практика

— наставник по предметот цртање со ВПШ.

**Основно училиште (од I—VIII одделение) „Санде Штерјоски" — Кичево**

— управител — професор или наставник со положен стручен испит и 3 години практика

— 2 наставника за предметот македонски јазик со положен стручен испит

— наставник по предметот српски јазик

— наставник по предметот француски јазик

— наставник за предметот математика и физика

— наставник за предметот географија.

**Основно училиште (од I—VIII одделение) с. Долно Мелничани**

— наставник за предметот македонски и српски јазик

— наставник за предметот историја—географија

— наставник за предметот биологија и хемија

— наставник за предметот физика и математика.

**Основно училиште (од I—VIII одделение) с. Селокуќи**

— наставник за предметот историја и географија

— наставник за биохемија.

**Основно училиште (од I—VIII одделение) с. Гари**

— наставник за предметот македонски јазик.

**Секретаријат за просвета и култура на НО на Охридска околија**

(824)

**Факултетскиот совет на Природно-математичкиот факултет — Скопје**

распишува

**КОНКУРС**

**за еден ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР по предметот** Органска хемија

Пријавите со биографија, список на научните и стручни трудови, до колку има такви, со по еден примерок од нив, и потребните такси, се поднесуваат во Деканатот на Природно-математичкиот факултет — Скопје.

Рок за поднесување на пријавите е 15 дена од објавувањето, односно до пополнувањето на местото.

**Факултетскиот совет на Филозофскиот факултет во Скопје**

распишува

**КОНКУРС**

— за еден наставник (доцент, вонреден или редовен професор) за предметот Општа историја на стариот век, и

— за еден наставник (доцент, вонреден или редовен професор) за предметот Историја на уметноста.

Пријавите со биографија, список на научни и стручни трудови, во колку има такви, со по еден примерок од истите, и потребните такси, се поднесуваат во Деканатот на Факултетот.

Рок за поднесување на пријавите е 15 дена од објавувањето, односно до пополнувањето на местата. (823)

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 67. | Указ за прогласување на Законот за меринизација — — — — — — — — — | 217 |
| | Закон за меринизација — — — — — | 217 |
| 68. | Указ за прогласување на Законот за вештачко осеменување на крави — — — — | 218 |
| | Закон за вештачко осеменување на крави | 218 |
| 69. | Указ за прогласување на Законот за уредување имотните односи настанати со самовласни заземања на земјишта од општонародниот имот — — — — — — — | 219 |
| | Закон за уредување имотните односи настанати со самовласни заземања на земјишта од општонародниот имот — — — — | 220 |
| 70. | Указ за прогласување на Законот за општинскиот локален данок — — — — | 222 |
| | Закон за општинскиот локален данок — | 223 |
| 71. | Указ за прогласување на Законот за работните односи на домашните помошнички | 224 |
| | Закон за работните односи на домашните помошнички — — — — — — — — | 224 |
| 72. | Решение за дополнување на Решението за определување установи кои ќе вршат испитување на здравствената состојба и квалитетот на семенската стока — — — — | 227 |
| 73. | Правилник за висината на посебниот додаток за санитарните инспектори — — — | 227 |

Издавач: „Службен весник на НРМ" — новинско-издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември" бр. 10. Пошт. фах 51. Тел. 19-86, Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка бр. 802-11/1-698 при Народната банка — Скопје. Печатница „Гоце Делчев" II (2004) — Скопје.